РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр 1204-477
17.11.2016

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Свети Николе** , на ден 15.11.2016 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ДУП за дел од УЕ 3 КО Свети Николе, Општина Свети Николе кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на Република Македонија број 199/14) и Изменување и дополнување на Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М број 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.svetinikole.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП за дел од УЕ 3 КО Свети Николе, Општина Свети Николе нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Согласно насоките од претпоставените во Општина Свети Николе и согласно ДУП за дел од УЕ 3 КО Свети Николе, Општина Свети Николе се предвидува изградба на објекти од класа на намена А - Домување и Е - инфраструктура ( сообраќајна инфраструктура и трафо станица ) .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.1204-477
с.р
Место Свети Николе

Име и презиме

Градоначалник,
Зоран Тасев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ